HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

**Самостоен референт**
**во Дирекција за корпоративни комуникации**
**Референца Бр. 004/2025**

Халкбанк АД Скопје има потреба од квалификуван и мотивиран специјалист за дигитален маркетинг кој ќе се приклучи на тимот за Корпоративни Комуникации. Во оваа улога, ќе дизајнирате, имплементирате и управувате со стратегиите за дигитален маркетинг кои се во согласност со вредностите на брендот Халкбанк, истовремено зголемувајќи ја интеракцијата со клиентите и промовирањето на нашиот опсег на финансиски производи и услуги. Ако сте креативни, аналитични и желни за креирање влијателни дигитални кампањи во банкарскиот сектор, би сакале да ве запознаеме! Идеалниот кандидат, треба да има силно искуство и во управување со проекти, анализа на податоци и изготвување извештаи за кампањи.

**Главни работни задачи и одговорности:**

- Планирање, развивање и спроведување дигитални маркетинг кампањи за промоција на финансиските услуги на Халкбанк, како депозити, кредити, дигитални банкарски услуги и др.
- Управување и оптимизирање на онлајн рекламни кампањи на платформите како Google Ads, Facebook, Instagram, LinkedIn и локални рекламни мрежи.
- Координирање и надгледување на маркетинг проекти од почеток до крај, обезбедувајќи навремена испорака и усогласеност со стратегијата за комуникација на банката.
- Подобрување на дигиталното присуство на банката преку имплементација на ефективни SEO стратегии и подобрување на веб содржините и корисничкото искуство.
- Креирање привлечна, информативна содржина за социјални медиуми, блогови и веб-страниците на Банката, во согласност со брендот.
- Следење и анализа на перформансите на кампањите со алатките како Google Analytics, обезбедувајќи детални извештаи и применливи препораки за постојано подобрување.
- Соработка со внатрешните тимови и надворешните агенции за да се обезбеди кохезивна комуникација преку сите дигитални канали.
- Следење и известување за временските рокови на проектите, буџетите и клучните перформанси.

- Следење на трендовите, алатките и технологиите за дигитален маркетинг за да се осигура позицијата на Халкбанк во дигиталниот простор.
- Обезбедување на усогласеност со банкарските регулативи и корпоративните стандарди за комуникација.
- Тесна соработка со тимот за Корпоративни и Маркетинг Комуникации за поддршка на пошироките иницијативи за развој на брендот и комуникацијата.

**Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Високо образовани во поле на маркетинг, комуникации, Е-бизнис или сродна дејност.
- 2-4 години искуство во дигитален маркетинг.
- Искуство во користење платформи за проектен менаџмент.
- Разбирање на платформите за дигитално рекламирање (Google Ads, Meta Ads Manager и сл.) и SEO/SEM стратегии.
- Способност за работа со системи за управување со содржина (CMS) и алатки за управување со социјални медиуми.
- Аналитички начин на размислување со искуство во користење на алатки за анализа на податоци како Google Analytics и други платформи за анализа на податоци.
- Одлични вештини за следење на кампањи, известување и визуелизација на податоци.
- Одлични комуникациски вештини.
- Познавање на финансиските производи и маркетинг во финасиската индустрија ќе се смета за предност.
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик.
- Силни организациски вештини со способност за управување на повеќе проекти истовремено.

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Можности за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Можност да придонесете за дигиталната трансформација и комуникациските стратегии на Халкбанк.

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **26.01.2025** година на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 004/2025 – Самостоен референт во Дирекција за корпоративни комуникации.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.